КОМЕНТАРИ НА ФИНАЛНИОТ НАЦРТ НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Март 2018

Центар за развој на медиуми
Ул. Васил Главинов 3/4-2, 1000 Скопје
www.mdc.org.mk

Во февруари 2018 година, долгоочекуваниот Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, по неколку рунди јавна расправа и собирање на коментари и сугестии, конечно беше усвоено од Владата на Република Македонија и доставено до Собранието на РМ.

Центарот за развој на медиуми продолжи со праксата на подготовка на коментари на предложеното законодавство, со дополнување на коментарите што веќе ги подготвивме за претходните работни верзии на Предлог-Законот во различните фази на неговата подготовка.

Медиумите и медиумскиот сектор во целина се дел од клучните теми и области, идентификувани од македонското општество и потврдени во повеќе меѓународни документи и извештаи, што треба да се подложат на процес на темелни реформи што, од своја страна, треба да обезбедат Македонија да стане вистински демократска држава на плуралистичко и отворено општество. Реформите во медиумскиот сектор се дел и од Извештајот на Прибе и неговата група на искусни експерти, но и од листата на итни реформски приоритети подготвени од Европската комисија.

Како резултат на преговорите водени со посредништво на белгискиот посредувач Питер Ванхауте, во март 2016 година, пет организации на граѓанското општество – медиумски организации, професионални здруженија и синдикати – до политичките партии беше доставен предлог со итни измени на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Тој предлог беше прифатен од тогашната парламентарна опозиција и поднесен до Собранието на усвојување, во итна постапка. Сепак, Собранието не го разгледуваше тој предлог, со оглед на изборите што беа закажани за следниот месец, април 2016 година.

Претставниците на новата Влада на РМ повеќе пати повторуваа дека тн. Предлог на Ванхауте ќе го доставaт на усвојување во изворна форма. Таквиот предлог веќе е надминат од повеќе аспекти. Надминувањето на политичката криза за новата власт, но и за опозицијата во Собранието, а несомнено и за стручната јавност, ги менува задачите во контекст на реформи во медиумскиот систем и измени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во оваа смисла неопходна е вистинска широка јавна дебата, која многу поодговорно, попродлабочено и посеопфатно ќе се зафати со идентификување на проблемите и изнаоѓање на соодветни решенија, истовремено одредувајќи ја динамиката, односно редоследот на реформските зафати.

Ги поздравуваме активностите на Владата на Република Македонија за започнување на неопходната јавна расправа. Исто така, очекуваме и Собранието да го следи ваквиот начин на соработка со сите заинтересирани страни. Во оваа смисла мора да го изразиме нашето незадоволство и да упатиме јасна критика за укинувањето на радиодифузната такса, особено затоа што оваа измена на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги беше донесена по скратена постапка. Донесувањето на вакви одлуки без соодветна јавна расправа, е одраз на партиократија, и претставува суштинска негација на парламентарната демократија, без оглед дали зад таквите „едногласни одлуки“ стои една или повеќе партии. Очигледно треба да потсетиме, дека токму партократското „празнење“ на институциите во изминативе десетина години беше главно извориште на политичката криза.

Овој документ ги содржи коментарите на Центарот за развој на медиуми на одделни одредби од предлог-законот. Тоа особено се однесува на оние одредби за кои сметаме дека се непотребни, или постојат подобри решенија, или можат да предизвикаат штета за медиумскиот сектор и слободата на изразување во државата,

затоа што излегуваат надвор од законските норми и се во спротивност со најдобрите меѓународни стандарди.

Во подготовката на овој документ, освен внатрешните капацитети на организацијата, ЦРМ го ангажираше и д-р Климе Бабунски од организацијата ПРО МЕДИА, експерт за јавно-сервисна радиодифузија и медиумски политики.

Подготовката на овој документ е поддржана од Програмата „Цивика мобилитас“ на Швајцарската агенција за развој и соработка. Неговата содржина е единствена одговорност на Центарот за развој на медиуми и на ниту еден начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Цивика Мобилитас, Швајцарската агенција за развој и соработка или организациите што ја спроведуваат.

## ОПШТИ КОМЕНТАРИ

Овој Предлог-закон, како што спомнавме, се надоврзува на предлогот на пет организации (попознат и како Законот на Ванхауте, затоа што во неговата подготовка учествуваше и посредникот на ЕУ Питер Ванхауте) што група пратеници го достави до собранието во Март 2016 година. Во моментот на неговиот прв влез во Собранието, тој Предлог-закон беше цврсто врзан со еден специфичен историски момент пред предвремените Парламентарни избори закажани за април 2016 година. Една од неговите основни цели беше да одговори на потребата да се ограничи, колку што е можно, провладината пропаганда во водечките национални терестријални телевизии, пропаганда што целосно ги игнорираше основните постулати и стандарди на новинарската професија и медиумското известување.

Истовремено, треба да бидеме свесни за нужноста одредени принципиелни решенија да бидат прагматично модификувани, односно да бидат прилагодени соодветно на актуелната политичка ситуација, со што подеднакво ќе се обезбеди и демократичноста и итноста на реформите во медиумската сфера.

Предлог-законот сам за себе не ги исцрпува потребите од реформи. Тој само нуди добра основа за идните измени кои ќе бидат еден подолг процес. Тој процес нужно ќе мора во својата основа да има една сеопфатна дебата што ќе ги вклучи сите заинтересирани страни во општеството. Оттаму, сметаме дека во оваа прва фаза, приоритетни треба да бидат измените во составот и устројството на аудиовизуелното регулаторно тело и Програмскиот совет на МРТ, а тие, во продолжение, да го предводат процесот на усогласување на новите законски решенија според идентификуваните потреби.

Тие потреби во најголема мера се препознаени – политичкото влијание врз АВМУ и МРТ; нестабилното финансирање на јавниот радиодифузен сервис; недоволното почитување или активното игнорирање на професионалните стандарди на новинарската професија и медиумското известување; презаситениот пазар кој е податлив за корумпирање на медиумите, често и со злоупотреба на јавните фондови; улогата и местото на новите онлајн медиуми; итн. Друга значајна област што е препознаена како итно поле на интервенција е структурата на медиумското сопственичиштво која во најголем степен придонесува, преку клиентилистичките односи помеѓу сопствениците на највлијателните медиуми и власта, за слабата отпорност на медиумите на политички и економски притисоци.

Следната фаза на реформирање на медиумското законодавство, ќе треба да ги разгледа политиките на пристап на пазарот и доделување на дозволи за емитување;

новите трендови што ги носи дигитализацијата наспроти домашната пракса да се става знак на еднаквост помеѓу еден радиодифузер и еден програмски сервис; одржливоста на пазарот; доминацијата на информативната наспроти другите „јавносервисни“ функции – забавната и едукативната - на, пред сѐ, радиодифузните медиуми, итн.

За да може да ги исполни тие задачи, на регулаторното тело треба да му се дадат сите потребни надлежности. Тоа особено се однесува на надлежноста/обврската за носење на редовни стратегии за развој на аудиовизуелниот сектор, обврска што регулаторното тело ја имаше, но беше отстранета со Законот од 2013 година. Секако, од стратегиите ќе произлегуваат соодветни политики, чие усвојување и спроведување треба да биде ексклузивна надлежност на регулаторното тело, за да се избегне какво било мешање на владата во воспоставувањето на политики во аудиовизуелниот медиумски сектор, што секако е основната причина за основањето на регулаторно тело. Исто така, регулаторното тело мора да биде овластено самото да предлага законски решенија и промени во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, без да мора да бара посредништво од Владата, надлежните министерства или од Собранието.

Конечно, сосема е природно, Агенцијата која е најупатена и следствено најодговорна институција за политиката во рамки на медиумскиот систем и располага со извршно-надзорни (спроведува и контролира споровeдување на закони и подзаконски акти, кои и самата ги донесува) и квази-судски овластувања (изрекува казни или поднесува тужби), да е овластена да иницира и законски измени. Всушност, Агенцијата е институција која (треба да) има најмногу информации и знаења за состојбите во медиумската индустрија и оттука мора да има должност да иницира законски измени за унапредување на состојбите во сферата за која е одговорна. Тоа значи дека предложениот член 6 треба да се доработи за да ги вклучи и таквите овластувања и задолженија на регулаторното тело.

Зголемувањето на влијанието на јавноста врз работата на МРТ со оглед на тоа што нужно мора да ја опфати управувачката структура во МРТ, е задача за Регулаторот и претпоставува сеопфатна и над се стручна јавна расправа, па затоа сметаме дека ги надминува задачите на овој Предлог-Закон.

Она што без двоумење, во краток временски период, може да се унапреди со овој Предлог-Закон е зголемувањето на отвореноста и отчетноста на МРТ. Во оваа смисла треба секој орган од управувачката структура да биде законски задолжен, сопствените заклучоци, одлуки, решенија, како и планови или извештаи, веднаш по усвојувањето да ги објавува на Мрежната страна на МРТ и за тоа, во соодветни емисии да ја известува јавноста. Исто така, дневните редови од состаноците на овие тела, заедно со материјалите за точките од состаноците треба да бидат објавувани во ист ден, кога ќе бидат дистрибуирани до членовите на телата. И, секако нужно е задолжително зголемување на роковите за објавување на сите документи и задолжително организирање на јавна расправа (и преку барање за коментари преку мрежната страна, и во директни средби со граѓаните).

Идните законски решенија мора да се навратат и на тематикана на комуникацијата на Програмскиот совет, но и на другите управувачки тела на јавниот радиодифузен сервис, со публиката, односно граѓаните, чии потреби треба да ги задоволува. Законското решение, притоа, ќе треба да води сметка и за динамиката на одржување

на средби со граѓаните, но и за географските и регионалните различности и застапеноста на различните интереси во македонското општество на таквите средби.

Суштина на реформите во јавниот редиодифузен сервис мора да е зголемување на влијанието на јавноста во управувањето со МРТ, од една страна, и од друга страна зголемена отвореност и отчетност, од страна на МРТ за сопствената работа пред јавноста. Јавниот радиодифузен сервис е и треба да биде стожерната точка на медиумскиот/радиодифузниот систем на Македонија. Притоа, наспроти фокусот на неговата информативната функција кој превладува во овој период, а која тешко може да се брани во ова време на богатство на извори на вести и информации, малку внимание се обрнува на неговото место и улога во културната индустрија на Република Македонија, како производител, поддржувач и промотор на културната продукција во сите нејзини форми и на сите нивоа. Оттаму, на прашањето на финансирањето на јавниот радиодифузен сервис, едно од фокусните точки на овој предлог-закон, треба да му се пристапи дури по сеопфатна јавна расправа, која ќе ги вклучи сите заинтересирани страни, примарно граѓаните на РМ во целата палета на различности што ги содржи македонското општество, која ќе треба примарно да утврди какви програми и други услуги граѓаните очекуваат од јавниот радиодифузен сервис, колкави капацитети – технички, човечки, програмски, административни, преносни – ќе бидат потребни, па дури потоа да дефинираме колку тоа ќе чини и од кои извори ќе се обезбедуваат потребните финансиски средства.

Во оваа смисла некои од коментарите јасно ќе упатат на динамиката или повеќефазноста на одредени реформски задачи, а некои ќе ја акцентираат потребата од нужен прагматичен пристап и решенија.

# ПРЕДЛОГ-ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

## Член 1

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија” бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), членот 4 став (7) се менува и гласи:

„(7) Работењето на Агенцијата се финансира од средствата обезбедени од Буџетот на РМ, од приходите од надоместоците предвидени со овој закон, како и од заеми и друга финансиска и техничка помош.“

**КОМЕНТАР: Промената на овој член ќе зависи од судбината на радиодифузната такса. Дури и да остане измената МРТ наместо преку радиодифузна такса да се финансира од буџетот на Република Македонија, потребно е прецизирање на неколку прашања: дали сегашната радиодифузна такса ќе биде заменета со една единствена буџетска ставка или различните области, активности и институции што се финансираат од радиодифузната такса ќе бидат разделени на одделни ставки? Имајќи ја предвид разнородната структура на корисници: МРТ, МРД и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а со цел да се обезбеди отвореност, транспарентност и јасност, упатно е секој корисник да има „своја“ ставка во Буџетот.**

## Член 2

Во членот 12 став (3) се менува и гласи:

„(3) Членовите на Советот ако постапат спротивно на одредбите на овој закон, одговараат неограничено и солидарно за штетата настаната со таквата одлука. Нема да се смета за одговорен оној член на Советот кој укажал дека начинот на постапување е спротивен на овој закон, на начин што го издвоил своето мислење во записникот од седницата.“

Став (4) се менува и гласи:

„(4) Членовите на Советот се професионално ангажирани во Агенцијата со полно работно време со право на:

- месечен надоместок во висина до четири просечни месечни плати во Република Македонија според податоците објавени од Државниот завод за статистика, согласно со Деловникот за работа на Агенцијата,
- надоместок за патни трошоци, сместување и дневници за службено патување согласно со Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија.“

По ставот (7) се додава нов став 8 кој гласи:

„(8) Советот за надлежноста од член 18 став (15) од овој закон одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот во кое мора да има

мнозинство гласови од вкупниот број членови на Совет кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.“

Ставот (8) станува став (9).

**КОМЕНТАР: Предложениот став (3) треба да се избрише. Таквата одредба за солидарна неограничена одговорност е уникатна во системот на регулаторни тела што функционираат во Македонија и ја нема во законите што ја уредуваат нивната работа. Не е јасно зошто само за членовите на Советот на аудиовизуелното регулаторно тело би важеле такви одредби за солидарна неограничена одговорност. Би требало да се подразбира дека за сите постапки на регулаторното тело што се во спротивност со Законот или предизвикале некаква штета е одговорна целата институција, односно Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Освен ова за сите членови на Советот, всушност како и за секој граѓанин или институција може да се се покрене постапка за нанесена штета независно од Законот за АВМУ, па токму затоа и нема потреба од овој став. Воедно, ставот (3) треба да се избрише и заради негативниот „смрзнувачки“ ефект, што бездруго ќе доведе до намалување на автономијата на Советот.**

**Предлогот за професионализација на Советот е добредојден, поради неспорната потреба од воспоставување на Советот на АВМУ како професионално, експертско тело, идентификувана и поддржана со консензус во медиумската заедница.**

**Воедно, предлагаме и промена, односно намалување на бројот на членови во Советот. Заснованоста на промената, првенствено ја гледаме во промената на статусот на членовите на Советот: „ангажман со полно работно време“, а исто така ваквата промена е соодветна и на обемот на медиумската индустрија во Република Македонија. Паралелно на овие причини, ваквата промена ќе обезбеди поголема ефикасност и намалени трошоци во работата на Агенцијата.**

**Освен ова предлагаме и бришење на став 2 од член 12. Оваа промена ја темелиме врз фактот што Советот е професионално и стручно, а не претставничко тело, па и членовите на Советот се бирани единствено врз нивните професионални квалитети, со што станува безпредметно барањето членовите на Советот „да ја претставуваат различноста на македонското општество“.**

***Дополнителен коментар на финалниот нацрт поднесен до Собранието: Предложениот нов став (8) отвара одредени дилеми. Сметаме дека трансформацијата на Советот на АВМУ во мало, експертско и професионално тело чиј состав ќе се бира на јавен конкурс – концепт различен од досегашното полу-претставничко тело кое се бираше со систем на овластени предлагачи – е неспоива со одредбата за одлучување со тн. „Бадинтерово мнозинство“, дури и за мошне ограничен опфат на прашања, односно листата на настани од големо значење. Обезбедувањето на правична етничка и родова застапеност, од друга страна, е потреба во македонското општество која бара токму таков, полупретставнички систем на избор на членовите на Советот кој требаше да го менуваме. Оттаму, сметаме дека на располагање ни стојат две опции: прво, да стоиме***

***цврсто на ставот дека тоа ќе биде експертско тело чиј состав ќе зависи, пред сѐ, од квалификациите и квалитетите на кандидатите што ќе се пријават на конкурсот. Во тој случај, сметаме дека одредбата за тн. „Бадинтерово мнозинство“ е одвишна; второ, (ова се однесува подеднакво на наредниот член 3 од овој Предлог-Закон) обезбедувањето на правичната родова и етничка застапеност ќе бара прецизни и детални упатства за Комисијата за прашања на изборите и именувањата што ќе и овозможи, особено во случај кога треба да прескокне очигледно поквалификуван кадар (не прејудицираме дека тоа ќе се случи), како и на кој начин тоа може да го стори.***

**Член 3**

Членот 14 се менува и гласи:

„Член 14

Именување на членови на Советот

(1) Собранието на Република Македонија ги именува членовите на Советот врз основа  на претходно спроведен јавен конкурс и организирана јавна расправа за кандидати за членови на Советот.

(2) Собранието на Република Македонија објавува јавен конкурс на кој можат да се пријават кандидати за членови на Советот, најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на член на Советот.

(3) Кандидатите за членови на Советот кои се пријавиле на јавниот конкурс се должни да достават кандидатура во која детално ќе го наведат своето работно искуство и достигнувања во областа за која се стручни, изјава дека ги исполнуваат условите утврдени во членот 16 од овој закон и писма за поддршка од една од следните организации:

- две граѓански организации кои се активни подолго од пет години и кои постигнале резултати во сферата на медиумите и човековите права,
- најмалку едно новинарско здружение,
- релевантно здружение, асоцијација или комора од областа на информатичко-комуникациски технологии и услуги или
- две високо-образовни установи кои имаат студиски програми од областа на комуникологијата, новинарството, културата, економијата или правото.

(4) Комисијата за прашањата на изборите и именувањата е должна да провери дали кандидатите кои се пријавиле на конкурсот ги исполнуваат условите за пријавување на јавниот конкурс, како и условите за спречување на конфликт на интереси, утврдени во член 16 од овој Закон.

(5) Комисијата е должна во рок од еден месец по завршувањето на јавниот конкурс да организира јавна расправа за кандидатите кои ги исполнуваат условите утврдени во член 16 од овој Закон, на која ќе ги покани организациите кои дале поддршка на кандидатите, други медиумски и професионални

новинарски организации, невладини организации од медиумската сфера и други релевантни субјекти.

(6) По завршувањето на јавната расправа, Комисијата за прашањата на изборите и именувањата ја составува предлог-листата на кандидати за членови на Советот. За конечната предлог-листа на кандидати за членови на Совтот Комисијата одлучува со двотретинско мнозинство.

(7) При утврдувањето на предлогот на кандидати за членови на Советот, Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија води сметка за соодветна и правична родова и етничка застапеност на граѓаните на Република Македонија.

(8) Собранието на Република Македонија ги именува членовите на Советот со двотретинско мнозинство.

(9) Собранието на Република Македонија најдоцна еден месец пред истекот на мандатот на членот на Советот, треба да именува нов член на Советот.

(10) Претседателот на Советот е должен да го извести Собранието на Република Македонија за истекот на мандатот на член на Советот не подоцна од шест месеци пред истекот на истиот.

(11) Претседателот или членовите на Советот кои ги извршуваат овие функции може да бидат разрешени ако повеќе не ги исполнуваат условите потребни за извршување на функцијата. Постапката за разрешување е јавна.“

**КОМЕНТАР: Во Република Македонија постои нагласено единство во рамки на стручната јавност за две важни одлики на регулаторното тело: (1) ова тело да биде релативно мало, професионално и експертско, и (2) да биде напуштен постоечкиот систем на овластени предлагачи, затоа што тој систем во историјата на регулацијата на радиодифузната дејност, односно аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, претставуваше отворена врата за влез на политички и други влијанија врз регулаторот. Оттаму, и предложениот систем на задолжително поднесување писма на поддршка го сметаме за варијација на системот на овластени предлагачи, нешто што треба да се елиминира од законското решение. Советот на Агенцијата мора да биде независно, професионално и експертско тело, што значи дека главен критериум за избор на неговите членови мора да бидат квалификациите, односно степенот во кој ги исполнуваат законски предвидените услови и критериуми за избор. Дополнително, обврската за поднесување на писма за поддршка може да воспостави и неформален нов филтер со кој ќе располагаат организациите и институциите што се овластени да даваат таква поддршка. Не треба да дозволиме поради различни причини (вклучувајќи и суети, претходни недоразбирања и сл.) добар кандидат да биде дисквалификуван затоа што не успеал/а да обезбеди писма на поддршка од некоја од организациите посочени во предложените законски измени.** ***Дополнителен коментар: Досегашната расправа за разните верзии на Предлот-законот потврдуваат дека во медиумската заедница тоа е сфатено како измена на системот на овластени предлагачи и дека на субјектите наведени во четирите алинеи од став (3) всушност се гледа како на еден вид овластени предлагачи.***

**Следна забелешка што се однесува на обврската за поднесување писма на поддршка е што листата на организации и субјекти предложени во овој Предлог-закон е ограничена, и исклучува значајни актери на медиумската сцена и заинтересирани страни, како што се радиодифузерите или рекламната индустрија, а во полза на новинарските здруженија. Ограниченото признавање на одделен парцијален интерес, на пример: новинари или нивен синдикат, а исклучување на други парцијални интереси, на пример на сопственици на електронски медиуми е неодржливо. Затоа, ако остане ваквата форма, на листата на организации што можат да ги даваат писмата за поддршка да се додадат и здруженијата на сопственици на електронски медиуми.**

**Учеството на граѓанското општество во изборот на членовите на Советот на регулаторното тело треба да се обезбеди преку процедурата на избор, односно, преку активно вклучување на организациите на граѓанското општество што работат во областите на медиумите, човековите права, слободата на изразување, културата, професионалните и струковите здруженија и синдикати, во фазата на „сослушувањето“ на кандидатите од страна на надлежната комисија за избор на членови на Советот, кое би требало да биде организирано по примерот на анкетните комисии, и во која и граѓанските организации би можеле на кандидатите да им поставуваат прашања поврзани со нивната програма и визија. Поддршката од таквите организации е добредојдена, но само како ставови и мислења искажани во јавна расправа, а никако како услов од кој ќе зависи комплетирањето на пријавата. Таквата поддршка, токму затоа што не смее да биде „овластено предлагање - поддржување“ треба да биде дадена само откако Комисијата ќе ја заклучи листата на важечки кандидати.**

**Конечно, од предложениот текст на овој член, не е јасно дали кандидатите задолжително треба да доставaт писма за поддршка од институциите спомнати во првите две алинеи во ставот (3), а да бираат од кои институции од третата или четвртата алинеја ќе поднесат писма за поддршка; или сврзникот „или“ од третата алинеја се однесува на сите четири алинеи, односно на институциите наведени во нив, што би значело дека условот е исполнет ако се поднесе писмо на поддршка од која и да е институција од наведените четири алинеи?**

***Дополнителен коментар за конечниот нацрт-закон: Одредбите од предложениот став (3) водат кон една нејаснотија – колку писма на поддршка треба да се поднесат. Имено, иако воведната одредба од тој став вели дека кандидатите треба да доставаат „...писма за поддршка од ЕДНА од следните организации“, листата од организациите квалификувани да даваат писма за поддршка е далеку подолга. Првата алинеја, на зборот ЕДНА од воведот спротивставува со фразата „две граѓански организации“. Исто така, останува нејасно дали зборот „една“ од воведот значи дека треба да се достави по едно писмо на поддршка од организација што припаѓа на секоја од четирите алинеи, што би требало да значи дека треба да се доставаат барем четири писма на поддршка. Тие одредби треба да се преразгледаат и да се најде соодветно номотехничко решение од кое ќе биде кристално јасно колку точно писма на поддршка се потребни.***

**Принципот на избор со 2/3 мнозинство е идеален стандард и е показател на развиена демократска политичка култура. Но инсистирањето на овој стандард во услови на политичка криза, опозиција која не само што не е реформирана туку во Собранието се однесува нагласено антиреформски, бездруго ќе значи одложување на реформите. Затоа прагматичниот, што не значи и недемократски стандард – во**

**гласањето да се применува апсолутно мнозинство (во нашиот случај 61 глас „за“) ќе претставува многу посоодветно решение.**

**Предлагаме да се додаде нов Став (3) што ќе гласи:**

**„Кандидатите за членови на Советот кои учествуваат на јавниот конкурс се должни да доставаат апликација во која детално го наведуваат своето работно искуство и достигнувања во областа за која се стручни, и изјава за тоа дека ги исполнуваат условите утврдени во членот 16 од овој закон.“**

**Нашиот предлог е по новиот став (3) да се додаде и нов став (4) што ќе гласи: „Секоја организација која е активна подолго од пет години и има постигнато релевантни резултати во сферата на медиумите – вклучувајќи ги и професионалните здруженија и асоцијации од медиумската и сродните индустрии, организации што работат во областа на човековите права, како и високообразовни институции што имаат студиски програми од областа на комуникологијата, новинарството, културата, економијата, правото или друга слична област што е од значење за остварувањето на надлежностите на Советот, има право до Комисијата за избор и именување да достави сопствено мислење за секој од пријавените кандидати, но не подоцна од три работни дена по објавување на листата на важечки кандидати. Комисијата за избор и именување е слободна во оценувањето на ваквите мислења. Комисијата е должна организациите кои ќе доставаат мислење да ги повика да учествуваат во јавната расправа.“**

## Член 4

Членот 15 се менува и гласи:

„Член 15

Мандат на членовите на Советот

(1) Членовите на Советот се именуваат за период од пет години.

(2) Членовите на Советот имаат право на уште еден мандат, врз основа на истата постапка утврдена во членот 14 од овој Закон.

(3) Во случај кога член на Советот ќе поднесе оставка или мандатот ќе му престане

пред истекот на времето за кое е именуван, Собранието на Република Македонија ќе именува нов член на Советот врз основа на истата постапка утврдена во членот 14 од овој Закон.

(4) Советот може да работи доколку се именувани најмалку пет члена на Советот.

(5) Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не смее да бара или да прифаќа упатства од било кое друго тело во врска со извршувањето на задачите кои им се доделени според овој закон. Ова не го спречува надзорот врз Агенцијата, определен со закон.“

**КОМЕНТАР: Сметаме дека мандатот на членовите на советот од став (1) од предложените измени на законот треба да изнесува барем еден и пол мандат на членовите на телото што ги бира, односно Собранието, што значи барем шест години. Нашиот предлог е мандатот на членовите на Советот да изнесува седум**

**години, без право на реизбор. Во тој случај, треба да се остави можност членовите во иднина повторно да се кандидираат за членство во Советот, но по изминување на барем еден цел мандат.**

***Дополнителен коментар на финалниот нацрт: Иако се работи за прилично стандардна клаузула, постои опасност од злоупотреба на предложениот став 4 и условување на изборот на членовите, при што Советот би можел и на неодредено време да функционира во непотполн состав и со намален капацитет поради волјата на Собранието.***

**Член 5**

Во членот 16 став (1) се менува и гласи:

„(1) Членови на Советот може да бидат лица државјани на Република Македонија со високо образование, работно искуство од најмалку осум години во струката и кои во јавноста се истакнале во областа на комуникологијата, новинарството, информатиката, културата, економијата или правото.“

Ставот (3) се брише.

Ставот (4) станува став (3).

**КОМЕНТАР: Овие промени се прифатливи. Дополнително, сметаме дека предлог-законот треба да содржи одредби за можен судир на интереси на членовите на Советот по завршување на мандатот, односно забрана да работат како управител или главен и одговорен уредник во радиодифузни медиуми во период од најмалку една година (за мандат од 5 години) или две години (ако мандатот на член на Советот изнесува 7 години) по завршувањето на мандатот. Таквите одредби се стандардни и типични за сите функционери што во рамките на вршењето на своите функции одлучувале за состојбите во одредени индустрии или сектори од стопанството.**

**Истовремено, листата на услови за именување од Член 16, треба да се дополни со постоечката одредба од член 119 (Неспоивост на функции), став 1 алинеја 2 која спречува „лица кои во последните пет години биле носители на јавни функции или биле раководни лица во орган на политичка партија или верска заедница,“ да бидат избрани за членови на Програмскиот совет на МРТ. Во случајот на Советот на АВМУ, рокот од пет треба да се продолжи на осум години, еднакво на барањето за професионално искуство од 8 години што е наведено во условите што треба да ги исполнат кандидатите за член на Советот на АВМУ.**

**Член 6**

Во членот 18 сврзникот „и“ во алинеја 19 се заменува со запирка.

По алинеја 19 се додаваат две нови алинеји кои гласат:

„- донесува одлуки за преземање мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на истиот и условите и обврските од дозволите,

- донесува одлуки за преземање на мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио или аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија и“

Алинејата 20 станува алинеја 22.

**КОМЕНТАР: Надлежностите на регулаторното тело и нивната распределба помеѓу Советот и Директорот треба да помине низ процес на темелна ревизија и измени, во полза на Советот. Таа ревизија треба да се води од принципот дека регулаторното тело мора да биде суверено во носењето и спроведувањето на политики за сите полиња од интерес во соодветната област, во нашиот случај, во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги. Како што спомнавме во воведот кон овие Коментари, таквите надлежности треба да вклучуваат надлежност (идеално би било таа надлежност да е ексклузивна) за регулаторното тело да биде носител и спроведувач на политиките во областа на радиодифузијата- аудиовизуелните медиумски услуги, како и надлежност и овластување да предлага ново законодавство или измени во посточекото законодавство до Собранието, без посредништво на пратениците или на надлежносто министерство како овластени предлагачи. (Види и во коментарот за наредниот Член 7 од Предлог-законот).**

**Член 7**

Во членот 19 ставот (1) се менува и гласи:

„(1)Советот избира директор на Агенцијата по пат на јавен конкурс. Кандидатот мора да има завршено високо образование и работно искуство од најмалку осум години во областа на комуникологијата, новинарството, информатиката, културата, економијата или правото, како и искуство во раководење со организација од најмалку четири години.“

По ставот (1) се додаваат два нови ставови (2) и (3) кои гласат:

„(2) Кандидатот за Директор на Агенцијата за ААВМУ да не бил член во органи и тела на политичка партија и да не бил избрано или именувано лице, функционер кој раководи со орган на државна управа, министерство и раководен орган на јавно претпријатие и акционерско друштво, основани од државата во период од 10 години, засметано наназад од годината во којашто ја поднесува кандидатурата.

(3) Избраниот кандидат за Директор на Агенцијата за ААВМУ не смее да биде член во органи и тела на политичка партија во периодот додека ја извршува функцијата.“

Ставот (8), којшто станува став (10) се менува и гласи:

„(10) Одредбите од ставовите (1), (2), (3), (4), (5) и (6) на овој член важат и за заменикот на директорот на Агенцијата.“

Ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7) и (8) стануваат ставови (4), (5), (6), (7), (8), (9) и (10).

**КОМЕНТАР:** ***Фактот дека Советот на агенцијата се трансформира во професионално експертско тело ја прави неодржлива и непотребна позицијата на Директорот на Агенцијата со овластувањата и моќите што ги има според постоечкиот Закон.*** **Главната извршна функција на регулаторното тело треба да се врзе за Советот на АВМУ, односно, претседателот на Советот истовремено да ја врши и функцијата на Директор на Агенцијата кој ја претставува и застапува Агенцијата кон надвор. За секојдневното оперативно функционирање на регулаторното тело треба да се грижи раководител на стручната служба, позиција формациски потчинета на Советот. Тоа значи дека треба да се постави позиција „Раководител на стручната служба“ (или соодветното звање/титула според важечката номенклатура за јавната администрација во РМ), лице што ќе раководи со стручната служба на Агенцијата, без какви било овластувања во областите што треба да се во надлежност на Советот, односно теми и прашања што се однесуваат на медиумскиот систем и политики. Од таа гледна точка, клучните квалификации за Извршниот директор треба да бидат од областите на правото, економијата и организациските науки, со искуство во областа на индустријата на електронски комуникации.**

**Член 8**

Во членот 20 во став (1) алинејите 8 и 9 се бришат.

Ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Мандатот на директорот е пет години, со право на уште еден мандат.“

**КОМЕНТАР: Останува истиот коментар како и за претходниот член.**

**Член 9**

Членот 23 се менува и гласи:

„Член 23

Мерки во случај на повреда на прописите

(1) Доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, давателот на аудиовизуелни услуги по барање или операторот на јавни електронски комуникациски мрежи кои врши реемитување на програмски сервиси, Советот на Агенцијата може да ги преземе следниве мерки:

- јавна опомена,
- ќе поведе прекршочна постапка во случај кога и покрај изречената јавната опомена не го прекине прекршувањето и продолжува со вршење на истата повреда за која е опоменат, во рок утврден од страна на Советот на Агенцијата, согласно одредбите од овој закон,
- одземање на дозволата или

- ќе спроведе постапка за бришење од регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги или од регистарот на радиодифузери, согласно одредбите од овој закон.

(2) За изречените мерки од членот 1 алинеи 1 и 4 Советот на Агенцијата донесува соодветно решение. За мерката од алинеја 2 Советот на Агенцијата донесува предлог за поведување на прекршочна постапка. За мерката од алинеја 3 Советот на Агенцијата донесува Одлука. Против донесените решенија и одлуки е дозволена судска заштита, согласно член 24 од овој закон.

(3) Пред изрекувањето на јавната опомена, Советот на Агенцијата ќе побара од издавачот на медиумот да се изјасни во писмена форма за стореното непочитување, повреда или прекршување на одредбите од овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата.

(4) Пред изрекување на мерките од ставот (1) алинеи 3 и 4, Советот на Агенцијата е должен да обезбеди јавна седница на која претставник на медиумот ќе ги образложи и аргументира постапките и причините за постапувањето на медиумот.

(5) По исклучок на одредбата од ставот (1) алинеја 2 на овој член, доколку се утврди непочитување на одредбите од членот 91 од овој закон, Советот на Агенцијата ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка без претходно да донесе решение за јавна опомена.

(6) Изречените мерки пропишани со овој член, со детално образложение, Агенцијата ги објавува на својата веб страница во рок од три дена, сметано од денот на нивното изрекување и ги доставува писмено до сторителот на прекршокот."

**КОМЕНТАР: Предложените промени начелно се прифатливи. Дополнително, во листата на мерки од став 1 од предложениот член, треба да се додаде мерката „- *времена суспензија на дозволата на емитување" која не би смеела да биде подолга од една недела или најмногу 14 дена*. Инаку, прашањето на надлежностите и овластувањата на агенцијата, прекршоците за кои ќе може да изрекува мерки, особено оние што се однесуваат на содржината на емитуваните програми – не ограничена на сегашните одредби што овозможуваат рекција и мерки само во областа на рекламирањето и заштитата на малолетниците – треба да биде предмет на една посеопфатна јавна расправа, која би била дел од подолгорочните реформи во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги.**

**Член 10**

Во членот 30 ставот (1) се менува и гласи:

„(1)Стручниот надзор над радиодифузерите се врши од страна на лица вработени во стручната служба на Агенцијата, по претходно овластување од

Советот на Агенцијата, а само заради утврдување на исполнувањето на техничките услови во согласност со барањето за добивање на дозвола за телевизиско или радио емитување.“

**Член 11**

Членот 48 се менува и гласи:

„Член 48

Посебни забрани

(1) Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор.

(2) Посебните забрани од ставот (1) на овој член треба да бидат во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права.“

**ОМЕНТАР: Се согласуваме со предлогот листата на посебни забрани да се прошири со детална и проширена дефиниција на говорот на омраза. *Дополнителен коментар: Посебните забрани од ставот (2) би требало да бидат во согласност со Европската конвенција за човековите права и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, член 10 и член 19, соодветно. Имено, двата документи се обврзувачки за Македонија, а праксата на Европскиот суд за човекови права секако се потпира на Европската конвенција.***

**Член 12**

Во членот 76 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Пред доделувањето нови дозволи за телевизиско или радио емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, Агенцијата ќе изработи анализа со која ќе ја утврди состојбата од аспект на плурализмот, потребите на публиката и економските услови за работење на радиодифузерите на медиумскиот пазар.

(3) Пред да пристапи кон доделување нови дозволи за телевизиско или радио емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, Агенцијата е должна на транспарентен

начин да ја информира јавноста и да ги извести сите заинтересирани страни за можноста да поднесат барања за доделување дозвола, на начин и во постапка утврдена со подзаконските акти на Агенцијата.“

Ставовите (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9) стануваат ставови (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10) и (11).

**КОМЕНТАР: Предложените одредби што се однесуваат на доделувањето на дозволи преку јавни електронски комуникациски мрежи и преку сателит се нелогични. Емитувањето програма преку јавните електронски комуникациски мрежи и преку сателит се регулира со дозволи кои, иако ги содржат истите критериуми како и дозволите за емитување преку ограничен ресурс, се доделуваат на барање, без распишување на јавен повик. Тој факт, дека не се распишува јавен повик, ја прави беспредметна одредбата од став (3) за известување на јавноста и на заинтересираните страни.**
***Дополнителен коментар на финалниот нацрт на Законот: На приодот кон доделувањето на дозволи за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит потребна му е детална ревизија. Таквата ревизија треба посебно да обрне внимание на нелогичната можност да се даваат дозволи за тн. кабелско емитување во ограничен географски регион (на локално или регионално ниво). Суштината е дека се работи за телевизии што се занимаваат со пакување на програми (од сопствено производство или нарачани од независни продуценти) кои потоа можат да им се нудат на оператерите на јавни електронски комуникациски мрежи кои, доколку постои интерес кај публиката – без оглед на тоа за кое географско подрачје се работи – можат да ги вклучат во своите каталози на достапни пакети.***
**Што се однесува до предложените одредби од став (2), во европската пракса тие се резервирани за терестријалното емитување што користи ограничен јавен ресурс, додека емитувањето преку сателит и јавни комуникациски мрежи се смета за примарно комерцијален договор помеѓу емитувачот и операторот на јавна комуникациска мрежа и е надвор од системот на строга регулација што треба да важи за ДВБ-Т сегментот, и покрај слободните капацитети во достапните мултиплекси. Иако македонскиот радиодифузен пазар е презаситен, таков строг режим на регулација на пристапот до пазарот примарно треба да биде резервиран за ДВБ-Т емитувањето, при што ЦРМ смета дека на политиката на доделување на ДВБ-Т дозволи (и на национално и на регионално и на локално ниво) и треба сериозна ревизија. Одлуката да се распише конкурс треба да зависи од проценката на регулаторното тело, заснована на соодветни темелни истражувања на потребите на пазарот и публиката, а не од иницијативата или желбата на потенцијалните емитувачи и заинтересирани инвеститори.**

## Член 13

Во членот 80 во ставот (2) формулата се менува и гласи:
„((Н x БДП / 200.000) x Рт x Кп) + А) x 0.7“

По став (6) се додаваат три нови става, кои гласат:

„(7) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои што на почетокот на календарската година доброволно ќе пријават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги процент на емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници, за истиот процент ќе добијат намалување на висината на надоместокот за лиценца.
(8) Минималното намалување на надоместокот за лиценца по овој основ може да биде 10%, а максималното намалување до 30%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио и кои емитуваат музика повеќе од 30% на македонски јазик и етничките заедници, не може да добијат намалување на надоместокот за лиценца повеќе од 30%.
(9) Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе донесе подзаконски акт со кој ќе утврди план за времето и жанрот за емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници за трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на радио."

**КОМЕНТАР: Како и сите други аспекти од финансиското работење на медиумите, пресметувањето на надоместокот за издадената дозвола за емитување на програмски сервиси е комплексно прашање, кое треба да следи дури по одлуката дали и како ќе се регулира пристапот на пазарот, анализа на капацитетите на пазарот од гледна точка на достапна публика (население) и на неговата економска моќ.**
***Дополнителен коментар на финалниот нацрт-закон: Новопредложените одредби што овозможуваат субвенционирање на промоцијата на музичката продукција во Република Македонија (и на македонски јазик и на јазиците на немнозинските заедници) преку намален годишен надомест можеби изгледаат како фер решение, особено затоа што не гледаме причина зошто комерцијалните радиодифузери би биле обврзани, во секоја смисла, да ја субвенционираат таквата промоција. Сепак, сметаме дека тоа треба да биде преодно решение (прашањето е зошто воопшто е разгледувано во предлог-закон кој примарно се занимава со составите и начинот на именување на двете клучни тела во радиодифузниот сектор, и со финансирањето на јавниот радиодифузен сервис) и дека целата проблематика треба дополнително да се разгледа и да се дорегулира, вклучувајќи го и далеку позначајното прашање на субвенционирање на продукцијата, што секако не е дел од опфатот на овој закон.***

**Член 14**

Членот 92 се менува и гласи:

„Член 92

Обврски на радиодифузерите за емитување програма на македонски јазик или на јазиците на заедниците во Република Македонија

(1) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%.

(2) Одредбата од ставот (1) на овој член не се однесува на програмските сервиси од специјализиран формат.
(3) Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.
(4) Јавниот радиодифузен сервис е обврзан на најмалку еден радио програмски сервис на македонски јазик и на радио програмскиот сервис на јазиците на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Македонија, дневно да обезбеди најмалку 50% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика изворно создадена во Република Македонија да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство, а на вториот радио програмски сервис на македонски јазик дневно да обезбеди најмалку 30% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика изворно создадена во Република Македонија да биде на македонски јазик.
(5) Правилата за спроведување на обврските од овој член подетално ги пропишува Агенцијата.“

***Коментар на финалната верзија од нацрт-законот: Слично како и за претходниот член 13, квотите за емитување изворно создадени аудиовизуелни дела ќе треба дополнително да се разгледуваат, при што ќе мора да се има предвид и количеството и квалитетот на домашната продукција. Дополнително, потребна е интервенција во листата на дефиниции од член 3 од ЗААВМУ, или користење на постоечката дефиниција односно фразата „Македонски аудио или аудиовизуелни дела“ која веќе постои во дефинициите а го има истото значење како фразата „програма изворно создадена од македонски автори и автори од етничките заедници..:“.***

**Член 15**

Членот 92-а се брише.

**Член 16**

Членот 92-б се брише.

**Член 17**

Членот 92-в се брише.

**Член 18**

Членот 92 -г се брише.

**Член 19**

Членот 92-д се брише.

**Член 20**

Членот 92-ѓ се брише.

**Член 21**

Членот 92-е се брише.

**Член 22**

Членот 92-ж се брише.

**Член 23**

Членот 92-з се брише.

**Член 24**

Членот 92-ѕ се брише.

**Член 25**

Членот 92-и се брише.

**КОМЕНТАР: Бришењето на овие одредби е оправдано само како краткорочна мерка што треба да одговори на проблемот на „загадената“ медиумска политика. Долгорочното решавање на оваа проблематика треба да се заснова на сеопфатна анализа на постоечката ситуација, услови и потреби, должност што природно влегува во опсегот на надлежности на регулаторното тело.**

**Прашањето на обврската за емитување домашна програма, што всушност е прашање за стимулирањето на домашна продукција мора сериозно да се разгледа, надвор од обврската за емитување на европски аудиовизуелни дела. Медиумската индустрија, меѓу другото, е и културна индустрија, и искуствата покажуваат дека, особено во малите медиумски пазари што опслужуваат мали јазични заедници како што е македонската, таквата обврска станува потреба, за да се балансира културното влијание што доаѓа од големите и моќни медиумски пазари. Од друга страна, постојниот систем на обврски и субвенционирање на играна и документарна домашна продукција претставуваше, што е општа перцепција, канал за злоупотреби на јавните пари, особено со оглед на нискиот квалитет на добиената продукција. Ние сметаме дека основната обврска мора да се лоцира кај јавниот радиодифузен сервис како главен инкубатор за квалитетна домашна продукција, секако, со соодветна финансиска поддршка. Обврската за емитување домашна продукција не ја исклучуваме во целост, но таа треба да биде реосмислена и прилагодена на капацитетите и потенцијалите на домашната медиумска индустрија и медиумскиот пазар. Исто така, квотите за домашна продукција не треба да се ограничат само на играната и документарна програма, туку треба да ги опфатат и забавните жанрови – „вариете“ и други шоу програми. Околу финансиската помош за продукција на играна и документарна телевизиска програма за комерцијалните радиодифузери, и независните продуцентски куќи, сметаме дека надлежностите треба да се лоцираат кај ААВМУ, во соработка со Агенцијата за филм, која треба да се преустрои според примерите на Хрватскиот аудиовизуелен центар (ХАВЦ) или Словенечкиот филмски центар, како основен извор на јавни фондови наменети за филмска и аудиовизуелна продукција.**

**Член 26**

Членот 102 се брише.

**КОМЕНТАР: Членот 27 со кој се предлага бришење на Член 102 од ЗАВМУ треба да се избрише, односно членот 102 да остане, а сите субјекти наведени во**

**неговите одредби, да се воздржуваат од ваквото трошење, како што е, впрочем, сегашната ситуација. Причина за ова е што бришењето на Членот 102 од ЗААВМУ, без истовремена интервенција во една серија закони што го регулираат функционирањето на органите, телата и институциите наведени во Членот 102, што ќе ја елиминира можноста тие да располагаат со буџети наменети за промоција на активности и финансирање на јавни кампањи, отвара можност таквите постоечки буџети да се трошат на нетранспарентен начин, без примена на одредбите од законодавството што ги регулира јавните набавки.**

**Ова не значи дека не ја поддржуваме иницијативата, владата, нејзините министерства, и други институции што располагаат со јавни фондови и буџети што се полнат со парите на даночните обврзници да не можат да бидат купувачи на рекламен простор во медиумите, особено во радиодифузните медиуми. Но ваквата промена треба да се остави за подоцнежна фаза, да биде дел од промените кои ќе ги предложи регулаторното тело, промената мора да ја нормира разликата меѓу информативна кампања од јавен интерес и рекламна кампања, и воедно одлуката за таквото трошење не смее да го заобиколи регулаторното тело.**

**Член 27**

Членот 103 се брише.

**КОМЕНТАР: Оваа одредба и нејзината судбина ќе зависи од одлуката каков приод кон финансирањето на МРТ ќе усвоиме. Факт е дека најголемиот дел од јавни радиодифузни сервиси што се финансираат од радиодифузна такса го дополнуваат тоа финансирање од комерцијални активности, вклучително и емитување на комерцијални реклами. Рекламирањето на ЈРС е целосно забрането во Британија (за БиБиСи) и Шведска, истовремено, за одделни свои сервиси и продукции Британската радиодифузна корпорација е директно финансирана од Владата, а во некои случаи и се дозволува комерцијално работење. Во некои земји, рекламите учествуваат со огромен, односно доминантен процент во вкупните приходи на ЈРС. Вкупната заработка од реклами пријавена од МРТ е многу мала, но со оглед на големината на радиофузниот рекламен колач, не и целосно безначајна за комерцијалните радиодифузери. И Европската радиодифузна унија и Советот на Европа препорачуваат мешани, а не еднородни и исклучиви извори на финансирање на јавносервисните медиуми.**

**Член 28**

Членот 105 се менува и гласи:

„Член 105

Финансирање на МРТ

(1) Средствата за финансирање на радиодифузната дејност, за работењето и развојот на Македонска Радио Телевизија, Јавното претпријатие Македонска

радиодифузија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија во висина до 0,7% до 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот.

(2) Средства од ставот 1 се распоредуваат на следниов начин:

- 74,5% за МРТ за покривање на трошоци за создавање и емитување на програмите и за техничко-технолошки развој,
- 19,5% за ЈП Македонска радиодифузија за одржување, употреба и развој на јавната радиодифузна мрежа и
- 6% за Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

(3) Дополнителен извор на средства за финансирање на МРТ се донации, продажба на програма и услуги, како и средства остварени од емитување на аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот.

(4) Донациите од ставот (3) на овој член не смеат да влијаат или да ја нарушат уредувачката независност на МРТ.

(5) МРТ е должна за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно на програмски содржини да склучи посебен договор со обезбедувачот на аудио или аудиовизуелни дела, односно на програмски содржини.

(6) Начинот и постапката на спроведување на јавни конкурси, начинот и постапката за набавката на аудио или аудиовизуелни дела, односно на програмски содржини и склучување на договорите се утврдува со акт донесен од директорот кој треба да обезбеди транспарентност, економичност, ефикасност и ефективност во управувањето на финансиските средства на МРТ, согласно со годишната програма за работа на МРТ за наредната година, овој закон и актите кои произлегуваат од него.

(7) За постигнување и одржување на поголем степен на програмски и техничко- технолошкиот развој на јавниот радиодифузен сервис можат да се издвојуваат и дополнителни средства и од Буџетот на Република Македонија за таа намена.

(8) Доколку МРТ не ги потроши сите обезбедени средства од Буџетот на Република Македонија во текот на годината, вишокот средства утврдени согласно годишниот финансискиот извештај се враќа во Буџетот на Република Македонија.

(9) Средствата од став 1 од овој член се обезбедуваат преку Буџетот на Министерството за информатичко општество и администрација.

(10) Начинот на финансирање на програмските сервиси и финансиското управување ќе се уреди со Деловникот и подзаконските акти донесени од страна на Програмскиот совет.“

**КОМЕНТАР: Се противиме на предлогот за укинување на радиодифузната такса, особено не без претходен соодветен детален план на годишните потреби и на продукцијата на МРТ, за да се обезбеди финансирањето на јавниот радиодифузен сервис да биде: достатно и соодветно, стабилно и предвидливо на подолг рок, а одлуката за таквиот буџет да се темели врз стручни и професионални аргументи и да биде резултат на анализа дискутирана во стручната јавност, односно да не биде резултат на политичко пазарење или да не биде одлука на политички орган или институција. Токму затоа сосема е погрешно соодветноста на буџетот на МРТ, да се искажува како процент од Буџетот на Република Македонија. Единствен критериум за соодветноста на буџетот на кој и да е јавен радиодифузен сервис, па и на МРТ е дали буџетот овозможува производство на планираната програма и остварувањето на другите обврски од неговата мисија.**

**Независноста на секој јавен радиодифузен сервис па и на МРТ, не зависи само од големината на буџетот, туку и од начинот како тој буџет е утврден и акумулиран, односно за што таквиот буџет е потрошен и на кој начин. Меѓународно прифатените стандарди чија цел е обезбедување на демократско управување со јавносервисната радиодифузија процесирањето на ваквите одлуки или поконкретно: планирањето на буџетот, им го одземаат на институциите од типот на министерство, влада, парламент, а го доверуваат на органите кои управуваат со јавносервисниот радиодифузер. Секако, во крајна линија, Собранието на РМ го одобрува буџетот на јавниот радиодифузен сервис. Овој стандард е присутен и во постоечкиот Закон, односно во случајот на МРТ, Програмскиот совет има задача да ја утврди програмата и буџетот кој е потребен за нејзино производство, а Собранието ги прифаќа и програмата и буџетот.**

**Оттука, промената на моделот на финанасирање на МРТ, на начин со кој се заобиколува Програмскиот совет – како единствена институција која има законски мандат да го планира буџетот на МРТ, без јавна расправа во општата, а и во стручната јавност, и без јасна слика какви програми ќе бидат финансирани со новиот буџет е во спротивност со меѓународно прифатените стандарди, не обезбедува демократичност во управувањето со МРТ и всушност води кон понатамошна партизација на јавносервисната радиодифузија во Република Македонија.**

**Истовремено свесни сме за финансиската состојба, односно финансиските проблеми со кои се соочува МРТ, како и за несоодветниот кадровски капацитет на органите на управување во МРТ, особено Програмскиот совет, на што последниве години повеќе пати јавно укажуваме.**

**Имајќи ги предвид посочените слабости и неквалитет на предложената измена на чл. 29 од овој Предлог-закон, неопходно е новиот Совет на АВМУ и новиот Програмски Совет на МРТ, во рок од 6 месеци врз основа на анализа и спроведена јавна расправа, особено со стручната јавност, на Собранието да му предложат законски измени во врска со финансирањето на МРТ.**

**Воедно, за да не се доведе во прашање работата на МРТ, а имајќи ја предвид крајно лошата финансиска состојба, треба да се прибегне кон најмалку штетно решение, односно неопходните финансиски средства да се обезбедат врз основа на став 5, чл. 105, од актуелниот Закон или став 7, чл. 27 од овој Предлог-закон. Во овој контекст со оглед на недефинираноста на „поголем ... развој“,**

**соодветно на сопствените заложби за отвореност и јавност во работата, Владата, но и Програмскиот совет ќе треба отчетно да информираат за трошењето на дополнителните средства од Буџетот на РМ наменети за МРТ.**

**Регулаторот при идните измени на овој дел од Законот, за да се надминат посочените слабости, треба да воведе два нови института: Независна комисија за утврдување на среднорочен и годишни буџети на МРТ и Договор меѓу Влада на РМ и МРТ. Членовите на Комисијата треба да ги одредува Регулаторот, а содржината на Договорот да биде резултат на соработка меѓу Советот на АВМУ, Владата на Република Македонија и Програмскиот совет на МРТ.**
***Дополнителен коментар на финалниот нацрт на Законот: Ставот (3) од предложениот изменет текст на Член 105 му овозможува на јавниот радиодифузен сервис неограничено емитување на аудио и аудиовизуелни комерицијални комуникации, односно емитување без какво било временско ограничување по час емитувана програма – ограничување што постои во ЗААВМУ. Иако сметаме дека новиот начин на финансирање на МРТ не обезбедува ни одблиску доволно средства за да овозможи тој да функционира како вистински јавен радиодифузен сервис, и дека, како што спомнавме погоре, дополнително финансирање од реклами е безмалку вообичаена пракса за јавните радиодифузни сервиси (секако дека постојат исклучоци), повторуваме дека целото прашање на финансирањето на МРТ мора сериозно да се разгледа, во една сеопфатна јавна расправа што би го опфатила и прашањето на тоа кои и какви услуги и програми очекуваме од јавниот радиодифузен сервис, па врз основа на утврдените потреби, неговата мисија и функции според меѓународните стандарди, да го проектираме и финансирањето.***

**Член 29**

Членот 106 се менува и гласи:

„Член 106

Годишен извештај и годишна програма за работа на МРТ

(1) МРТ е должна на секои пет години да донесе стратегија за развој за наредните пет години која содржи и годишни планови за имплементација, што се ревидираат секоја година врз основа на анализа на спроведувањето на стратегијата.

(2) МРТ донесува Годишната програма за работа и истата е должна да ја достави до Собранието на Република Македонија најдоцна до 30 октомври во тековната година, а којашто се однесува за наредната година и истата особено треба да содржи:

- програма за работа за наредната година со планирани активности особено за исполнување на програмските обврски на МРТ согласно со овој закон и
- финансиски план за наредната година кој ги содржи планираните приходи и расходи на МРТ за наредната година групирани по структура и по

организацона структура на МРТ, како и предвидените капитални инвестиции на МРТ за наредната година.

(3) Во прилог на годишната програма за работа на МРТ за наредната година се доставува и усвоената годишна програма за работа на МРТ за тековната година.

(4) Финансискиот план од ставот (2) алинеја 2 на овој член го одобрува Собранието на Република Македонија најдоцна до 31 декември во тековната година.

(5) МРТ е должна да донесе Годишениот извештај за работа за претходната година МРТ кој е должна да го достави до Собранието на Република Македонија на разгледување најдоцна до 31 март во тековната година и истиот особено треба да содржи:

- извештај за реализација на програмата за работа од претходната година,
- финансиски извештај за реализација на финансискиот план од претходната година и годишна сметка, со податоци за реализирани приходи, расходи, побарувања и обврски од претходната година групирани по структура и по организацона структура на МРТ и
- ревизорски извештај од независен овластен ревизор и ревизорски извештај од Државниот завод за ревизија, доколку е извршена ревизија од него, како и ставот на МРТ во однос на резултатите од извршената ревизија.

(6) Во прилог на годишниот извештај за работа на МРТ за претходната година се доставува и усвоената годишна програма за работа на МРТ за претходната година.

(7) Годишниот извештај за работа за претходната година и годишната програма за работа за наредната година се објавуваат на веб страницата на МРТ.“

**КОМЕНТАР: Идејата за стратешко планирање со петгодишна динамика е сосема во ред и треба да се прифати, но за жал, таа не е разработена соодветно на потребите и задачите, па дури упатува и на неразбирање на стратешко планирање. Стратешкото планирање, во случајов на МРТ, не смее да го превиди конкретното опкружување, односно не смее да се одвива без активно вклучување на регулаторот: Советот на АВМУ, особено затоа што Регулаторот е должен да изготви национална стратегија за електронските медиуми. Исто така, стратешкото планирање на МРТ не може да се случува без зголемена активност на Програмскиот совет на МРТ, на неговите членови, на другите органи во рамки на МРТ, а законот во оваа смисла треба начелно да ги нормира улогите, се до нужноста од поширока јавна расправа. Особено илустративен пример за несоодветното конципирање на стратегијата за развој, е тоа што не е предвидено нејзино објавување, ниту како работен материјал, ниту како конечен документ, а се предвидува објавување на годишниот извештај и план за работа.**

**Стратегијата за развој на МРТ, не треба да се востанови како законска обврска пред да бидат востановени институтите од претходниот член: Независна комисија за утврдување на среднорочен и годишни буџети на МРТ и Договор меѓу Влада на РМ и МРТ, со што ќе се надмине неодржливата општост и непрецизност од став 7, чл. 27 од овој Предлог-закон. Договорот меѓу Владата и МРТ, треба да биде законска обврска, а својата целисходност ја има во потребата од дополнително прецизирање на меѓусебните права и обврски за подрачјата каде се „среќаваат" Владата и јавно-сервисниот медиум. Целта на овој договор е да ги урамнотежи, разграничи или изедначи овластувањата меѓу Владата и Програмскиот совет на МРТ, за прашања за кои секоја од овие институции е надлежна во рамки на својот делокруг. Такви подрачја се на пример: финансирањето на јавносервисниот медиум, но исто така и одделни образовни или културни обврски на ЈСМ, или специјални сервиси, како програма за странство.**

**Оттука, предлагаме, заради недоволната разработеност на концептот на стратегија за развој на МРТ, тој да се избрише, а да се задолжи Регулаторното тело – Советот на АВМУ, во рок од 6 месеци да предложи соодветни законски измени.**

**Наведените нови институти – Независната комисија и Договорот помеѓу Владата и МРТ треба да бидат дел од подеталните идни реформи на медиумското законодавство, по решавањето на примарната задача да се изберат нови состави на Советот на АВМУ и Програмскиот совет на МРТ.**

**Член 30**

Членот 107 се менува и гласи:

„Член 107

**Програми и програмски сервиси од јавен интерес што ги обезбедува МРТ**

(1) МРТ во Република Македонија обезбедува најмалку еден телевизиски програмски сервис на македонски јазик, еден телевизиски програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик, кои ќе емитуваат програма 24 часа секој ден во неделата, како и еден телевизиски програмски сервис кој ќе емитува програма на јазиците на другите не мнозински заедници во Република Македонија.

(2) МРТ во Република Македонија обезбедува најмалку два радиопрограмски сервиса на македонски јазик и еден радиопрограмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници, кои емитуваат програма 24 часа.

(3) МРТ обезбедува посебни радиопрограми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици.

(4) МРТ обезбедува посебни радиопрограми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

(5) МРТ обезбедува најмалку еден радио и еден телевизиски програмски сервис преку сателит и/или интернет наменет за иселениците и граѓаните на Република Македонија кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски јазик и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници, кои емитуваат програма 24 часа.
(6) МРТ го обезбедува програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден во Законот за Собранието на Република Македонија.
(7) Уредувачката одговорност за Собранискиот канал од ставот (6) на овој член ја има МРТ, а програмската шема на Собранискиот канал се усогласува во соработка со Собранието на Република Македонија.
(8) МРТ обезбедува посебни радио и телевизиски програми на програмските сервиси од ставовите (1) и (2) на овој член во кои се запазени регионалните и локалните посебности на Република Македонија.
(9) За бројот на програмските сервиси од ставовите (1), (2) и (5) на овој член одлучува Програмскиот совет на МРТ по предлог на директорот на МРТ.“

**КОМЕНТАР (за ставовите што се однесуваат на Собранискиот канал): Сметаме дека Собранискиот канал треба целосно да премине под контрола на Собранието на РМ и да се исклучи од системот на јавниот радиодифузен сервис, особено затоа што МРТ сега го користи Собранискиот канал како резервен канал за емитување на друга програма, надвор од активностите на Собранието и неговите работни тела.**

**Во постоечкото решение, нужно е разделување и на уредничка одговорност и на финансиско-сметководствената евиденција, како два основни принципи што ја покажуваат разликата меѓу јавносервисен медиум и собраниски канал.**

**Всушност, Собранискиот канал и не треба да претставува класичен медиум, односно не треба да доведе до дуплирање на медиумско-новинарски производни капацитети или произведување на посебна програма надвор од стандардна „телевизација“ на работата на Собранието. Затоа не смее уредничката одговорност за Собранискиот канал да се лоцира во МРТ. Ваквата одговорност во рамки на Собранискиот канал треба да биде осмислена и објавена во соодветен акт, со кој Собранискиот канал не само што ќе биде програмски осмислен, туку ќе биде осмислен и организационо, од аспект на бројот, структурата и хиерархијата на вработените, а и функционално, соодветно на основните задачи на Собранискиот канал: (1) телевизиско покривање на работата на Собранието и неговите тела, (2) архивирање на ваквиот материјал, и (3) обезбедување на неусловен и бесплатен пристап до снимениот материјал, врз основа на поднесено барање, а секако и финансиски и/или сметководствено, за да нема „поклопување“ на трошоците меѓу МРТ и Собранискиот канал.**

**Воедно, ако МРТ превземе обврски да извршува специфични услуги кон Собранието во рамки на Собранискиот ТВ канал, неопходно е да се донесе**

**Договор меѓу Собранието и МРТ, за да се прецизираат меѓусебните обврски и права. Новиот институт – Договорот помеѓу Собранието и МРТ треба да биде дел од подеталните идни реформи на медиумското законодавство, по решавањето на примарната задача да се изберат нови состави на Советот на АВМУ и Програмскиот совет на МРТ.**

**Член 31**

Во член 109 став (1) зборовите „радиодифузната такса“ се заменуваат со зборовите „финансиските средства од Буџетот на Република Македонија“.

Во член 109 став (3) зборовите „радиодифузната такса“ и запирката се бришат.

**Член 32**

Членот 117 се менува и гласи:

„Член 117

Овластени предлагачи на членови на Програмскиот совет на МРТ

(1) Членовите на Програмскиот совет на МРТ ги именува и разрешува Собранието на Република Македонија врз основа на претходно спроведен јавен конкурс и организирана јавна расправа за кандидатите за членови на Програмскиот совет.

(2) Кандидатите за членови на Програмскиот совет на МРТ треба да бидат државјани на Република Македонија со високо образование, да имаат работно искуство од најмалку 8 години во струката, кои во јавноста се истакнале во областа на комуникологијата, новинарството, информатиката, културата, економијата или правото, од значење за Програмскиот совет.

(3) Кандидатите за членови на Програмскиот совет на МРТ кои учествуваат на јавниот конкурс се должни да достават кандидатура во која детално го наведуваат своето работно искуство, изјава за тоа дека ги исполнуваат условите утврдени во овој член и член 119 од овој закон и писма на поддршка од една од следните организации:

- најмалку две граѓански организации кои се активни подолго од пет години во областа на унапредувањето на човековите права, медиумите и демократијата и кои постигнале релевантни резултати во областа во која дејствуваат;
- најмалку едно новинарско здружение;
- најмалку две здруженија од областа на културата (здруженија на ликовни уметници, писатели, филмски работници и сл.);
- релевантно здружение, асоцијација или комора од областа на информатичко-комуникациски технологии и услуги или
- најмалку две високо-образовни установи кои имаат студиски програми од областа на комуникологијата, новинарството, уметноста, економијата или правото.

(4) Комисијата за прашањата на изборите и именувањата е должна да провери дали кандидатите кои се пријавиле на конкурсот ги исполнуваат условите и правилата за конфликт на интерес утврдени во член 119 од овој Закон и да организира јавна расправа за предложените кандидати на која ќе ги покани организациите кои дале поддршка на кандидатите, други медиумски и професионални новинарски организации, невладини организации и други релевантни субјекти.

(5) По завршувањето на јавната расправа, Комисијата за прашањата на изборите и именувањата ја составува предлог-листата на кандидати за членови на Програмскиот совет на МРТ. За конечната предлог-листа на кандидати за членови на Програмскиот совет на МРТ Комисијата одлучува со двотретинско мнозинство."

**КОМЕНТАР: Овој коментар се однесува и на наредниот член 33 од Предлог-законот. Фактот што и за овој Совет и за Советот на АВМУ се предвидува речиси иста постапка, со фаворизирање на парцијални интереси, ваквиот предлог го изедначува со актуелниот лош закон, а воедно не се прави нужната разлика меѓу овие два совета кои имаат различни задачи, што мора да се рефлектира и во постапката на нивно создавање. Оттука од клучно значење е листата на овластени предлагачи да не дозволи фаворизирање на кој и да е одделен интерес, (во Програмскот совет не треба да седат преставници на одделни професии: новинари, писатели, филмски работници – ова раѓа судир на интереси) односно, да обезбеди присуство на бројни и важни одделни интереси, кои се главни чинители на општиот јавен интерес.**

**За да се постигне целта, односно за телото кое носи стратешки одлуки и е на врвот на управувачката хиерархија во јавниот радиодифузен сервис – МРТ, Програмскиот совет мора да претставува што повеќе и што поразлични сегменти на општеството, значи да го напушти решението од актуелниот закон и исто така да ја напушти концепцијата од предлог законот.**

**Имајќи предвид дека Програмскиот совет на МРТ треба да биде претставничко тело, нивното предлагање е завршна фаза на нивниот избор, а Собранието само го потврдува нивниот избор.**

**Составот и изборот на членови на Програмскиот совет на МРТ (ја има и улогата на управен одбор) мора да биде сериозно разгледан, поради фактот дека ПС мора да биде репрезентативно тело за сите релевантни општествени групи, за да може да обезбеди застапување на нивните интереси во програмите на МРТ (една од основите на мисијата на радиодифузниот сервис). Тоа нужно значи дека треба да се работи за релативно големо тело според бројот на членови. За изборот кои групи ќе бидат застапени, бројот на нивните претставници и начинот на нивно номинирање, добар пример можат да бидат радиодифузните совети на германските сојузни држави, кои најчесто се такви големи репрезентативни тела.**

**Во нашиот случај, таквиот принцип на широка застапеност на сите, или што е можно повеќе општествено релевантни групи, диктира примена на голем број разнородни критериуми, при што треба да се води сметка и за етничката разновидност на македонското општество и за родовата еднаквост.**

**Можни критериуми што треба да обезбедат присуство и заштита на што поголем број различни интереси би биле: застапеност на политичките институции, но без право на одлучување, без право на глас (Собранието, вонпарламентарните партии и локалните самоуправи); застапеност на верските заедници (без право на глас); претставници на организации што се грижат за интересите на младите и децата; образовни институции и здруженија; институции од областа на културата и алтернативната култура; институции што се грижат за интересите на лицата со посебни потреби и попречености; интересите на капиталот и на трудот (комори, здруженија на работодавачи, синдикати); граѓански здруженија, особено оние што работат во областите на човековите права и екологијата; претставници на иселеништвото.**

**Член 33**

Членот 118 се менува и гласи:

„Член 118

Именување на членови на Програмскиот совет на МРТ

(1) При утврдувањето на предлогот на кандидати за членови на Програмскиот совет на МРТ, Комисија за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија води сметка за соодветна и правична родова и етничка застапеност на граѓаните на Република Македонија.

(2) Мандатот на членовите на Програмскиот совет на МРТ е пет години со право на уште еден мандат.

(3) Собранието на Република Македонија ги именува членовите на Програмскиот совет на МРТ со двотретинско мнозинство.

(4) Во случај кога член на Програмскиот совет на МРТ ќе поднесе оставка или мандатот ќе му престане пред истекот на времето за кое е именуван, Собранието на Република Македонија ќе именува нов член врз основа на истата постапка утврдена во членот 117 од овој Закон.

(5) Собранието на Република Македонија распишува јавен повик за доставување апликации за членови на Програмскиот совет, најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на член на Програмскиот совет.

(6) Собранието на Република Македонија најдоцна 15 дена пред истекот на мандатот на Програмскиот совет на МРТ ќе ги именува новите членови на Програмскиот совет на МРТ.

(7) Програмскиот совет на МРТ може да работи доколку се именувани најмалку девет члена.“

**Член 34**

Во член 130 ставот (4) се менува и гласи:

„(4) Директорот и заменикот на директорот на МРТ, покрај условите од ставот (3) на овој член треба да имаат и високо образование, работно искуство од најмалку осум години во областа на комуникологијата, новинарството, информатиката, културата, економијата или правото, како и искуство со раководење организација од најмалку четири години.“

**Член 35**

Главата VII. „Средства за финансирање на радиодифузна дејност“ и член 135 и член 140 се бришат.

**КОМЕНТАР: Ова прашање веќе е разработено во коментарот за член 29 од предлог-законот (се однесува на член 105 од ЗАВМУ).**

**Член 36**

Членот 143 се менува и гласи:

„Член 143

Обврски на оператор кој реемитува програмски сервиси

(1) Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права.

(2) Оператор може да реемитува програмски сервиси на радиодифузери од други држави согласно со членот 44 од овој закон и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно Законот за авторските права и сродните права.

(3) Со поднесување на пријавата во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одговорното лице на операторот доставува и изјава под целосна морална, материјална и кривична одговорност со која потврдува дека за реемитување на програмските сервиси ги има уредено ТВ правата за странскиот радиодифузер кој планира да го реемитува на целиот свој програмски сервис за територијата на Република Македонија.

(4) Во случај на реемитување на било кој дел од програмскиот сервис на радиодифузер од друга држава, за кој програмски сервис тој радиодифузер нема регулирани права за територијата на Република Македонија, целата морална, материјална и кривична одговорност паѓа на операторот кој го реемитува тој програмски сервис.

(5) Оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис.

(6) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен во претплатничките договори што ги склучува со своите претплатници да го наведе програмскиот пакет, односно листата на програмските сервиси кои ги реемитува во моментот, а за кои е издадена потврдата за регистрација од страна на Агенцијата.

(7) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен листата на програмските сервиси кои ги реемитува, а за кои е издадена потврдата за регистрација од страна на Агенцијата, тековно да ја ажурира на својата интернет страница.
(8) Операторот кој реемитува програмски сервиси е должен да води посебно сметководство за активностите поврзани со реемитувањето на програмските сервиси.“

**КОМЕНТАР:** ***Прашањето на обврските на операторите што реемитуваат програмски сервиси (кабелски и ИПТВ оператори) не може да се разгледува одвоено од прашањето на дозволите за емитување телевизиска програма преку јавна електронска комуникациска мрежа што не претставува ограничен ресурс. Притоа, сметаме дека секако е потребна промена на политиките и приодот кон сегментот на кабелско и сателитско емитување, кои во својата досегашна форма дополнително ја влошуваат состојбата со одржливоста на пазарот.***
**Како и многу други прашања во овој закон, предлагаме оваа проблематика да се остави за подоцнежните фази на реформа на законодавството (и медиумскиот систем и пазар), и тоа само по спроведување на соодветни релевантни анализи на постоечката ситуација, можностите на пазарот и потребите на публиката.**
***Исто така, одредбите од предложените ставови (3) и (4) што се однесуваат на авторските права при реемитувањето на странски програмски сервиси се одвишни и непотребни. Такво дуплирање на регулативата не е потребно, затоа што прашањето веќе соодветно е уредено во Законот за авторското право и сродните права. Законот за авторското права и сродните права е усогласен со одредбите од двете директиви на ЕУ што се однесуваат на тоа прашање – Директивата на ЕУ за кабелско и сателитско емитување (93/83) и Директивата на ЕУ за изнајмување и отстапување на правата од 1992 година. Дополнително, не е јасно по кој основ се бара од оператерите на јавни електронски комуникациски мрежи одговорност за уреденост на правата за емитување и реемитување, кога тие не се јавуваат ниту како носители или купувачи на правата на емитување и реемитување на аудиовизуелните авторски дела (освен ако не нудат услуги на „барање“ како што е каталог на филмска, сериска или друга програма, кога мора да ги имаат уредено правата за емитување и дистрибуција на содржините што ги нудат во каталогот.***

**Член 37**

Членот 145 се брише.

**Член 38**

Членот 146 се брише.

**Член 39**

Во член 147 ставот (1) се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 1.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице, ако:“

Во член 147 став (1) по точката 9) се додава нова точка 10) која гласи:

„10) емитува и создава програми со кои се загрозува националната безбедност, се поттикнува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија, се повикува на воена агресија или на оружен конфликт, се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор (член 48 став (1)); “

Точките 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17) и 18) стануваат точки 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17), 18) и 19)

Во член 147 се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Прекршочната одговорност за сторениот прекршок по став (1) точка 10) на овој член не ја исклучува и кривичната одговорност утврдена со Кривичниот законик на Република Македонија.“

**КОМЕНТАР: Во медиумската заедница, но и во пошироката јавност, одамна постои консензус околу потребата и регулаторното тело да има можност да изрекува казни (административни казни или глоби) за повреди поврзани со легитимните ограничувања на слободата на изразување од Член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Оттаму, предложената промена не само што е прифатлива, туку е добродојдена.**

**Генерално, и прашањето на политиката на санкции во аудио и аудиовизуелните медиумски услуги треба сериозно да се ревидира, за да се обезбеди потенцијалните санкции да бидат ефективни и ефикасни и во казнувањето на непосакуваното однесување и во неговото спречување. За жал, поради општата состојба на презаситениот и сиромашен медиумски пазар, дури и сегашните глоби (кои во понормална пазарна ситуација би се сметале за недозволиво ниски) се сериозна закана за опстанокот на најголемиот број радиодифузери. Оттаму, иако предложените промени што предвидуваат при одредувањето на глоби и парични казни да се земат предвид повеќе аспекти, вклучително и финансиската и економската состојба во која се наоѓаат медиумите се прифатливи, остануваме на ставот дека тие сепак треба да бидат предмет на посеопфатна анализа и ревизија, која секако ќе оди рака под рака со анализата на пазарот и можностите за построго регулирање на пристапот до пазарот на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

## Член 40

Во член 148 став (1) точка 14) се менува и гласи:
„14) не ги почитува обврските од членот 92 ставови (1) и (2) од овој закон;“.

Во член 148 се додава нов став (3) кој гласи:
„(3) Прекршочната одговорност за сторениот прекршок по став (1) точка 27) на овој член не ја исклучува и кривичната одговорност утврдена со Кривичниот законик на Република Македонија.“

**Член 41**

Во член 149 став (1) точките 8) и 12) се бришат.

Во член 149 став (1) точките 9), 10), 11), 13), 14), 15) и 16) стануваат точки 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14).

**Член 42**

Во член 150 став (1) броевите 145 и 146 се бришат.

Во член 150 став (2) броевите 145 и 146 се бришат.

Во член 150 став (3) броевите 145 и 146 се бришат.

**Член 43**

(1) Собранието на Република Македонија го објавува јавниот конкурс за избор на членови на Советот на ААВМУ и Програмскиот Совет на МРТ во Службен Весник на Република Македонија и најмалку два печатени медиуми, во рок од 3 дена од денот на влегување во сила на овој закон.

(2) Кандидатите за избор на членови на Совет на ААВМУ и членови на Програмскиот Совет на МРТ се пријавуваат во рок од 7 дена од денот на објавата на јавниот конкурс.

(3) Комисијата за прашања на изборите и именувањата ја спорведува целокупната постапка за избор во рок од 7 дена од истекот на рокот за пријавување на кандидатите.

(4) Собранието ги именува членовите на Советот на АВМУ и членови на Програмскиот Совет на МРТ во рок од 3 дена од денот на приемот на листата од страна на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

(5) Со изборот на членовите на Советот и директорот на Агенцијата, како и членовите на Програмскиот совет и директорот и заменик на директорот на МРТ согласно овој закон, престанува мандатот на постојните членови на Советот и директорот на Агенцијата, како и на членовите на Програмскиот совет на МРТ и директорот и заменик директорот на МРТ, по сила на овој закон.

**КОМЕНТАР: Не сме сигурни дали периодот од седум дена од став 3 од предложениот член е доволен за Комисијата да ја комплетира целата процедура на избор, вклучително и соодветна јавна расправа. Рокот од 7 дена, од став (3)**

**во кој Комисијата за прашања на изборите и именувањата треба да ја спроведе целокупната постапка делува нереално краток, особено имајќи на ум дека, од една страна можеби ќе се јават поголем број кандидати, а од друга страна, расправата ќе има карактер на јавно сослушување на кандидатите. Предлагаме формулација „ ... во рок не подолг од 14 дена ...“**

**Член 44**

(1) Постојните членови на Советот и директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и членовите на Програмскиот совет и директорот и заменик на директорот на МРТ ја вршат функцијата до изборот на членови на Советот и директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и членови на Програмскиот совет и директор и заменик на директор на МРТ.

(2) Постојните членови на Советот и директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и членовите на Програмскиот совет и директорот и заменик на директорот на МРТ имаат право да поднесат кандидатура за членови на Совет и директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како и членови на Програмски совет и директор и заменик на директор на МРТ, согласно одредбите од овој закон.

(3) Советот на Агенцијата за аудио и аудио визуелни медиумски услуги и Програмскиот совет на МРТ, именувани согласно со одредбите од овој закон ќе ги донесат подзаконските акти во рок од 60 дена од денот на нивниот избор.

(4) Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Програмскиот совет на МРТ од ставот (3) на овој член ќе донесат одлука за објавување на јавни конкурси за избор на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директор и заменик директор на МРТ во рок од 15 дена од денот на донесувањето на деловниците за работа. Изборот на директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директор и заменик директор на МРТ ќе се изврши во согласност со одредбите од овој закон и со деловниците за работа на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Програмскиот совет на МРТ.

**Член 45**

Финансискиот план за 2018 година МРТ е должна да го достави до Собранието на Република Македонија најдоцна во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Финансиските извештаи за 2017 година на МРТ и на ААВМУ задолжително треба да содржат детално објаснување и детален преглед за периодот од октомври 2017 година до 31.12.2017 година.

**Член 46**

Процентите пропишани со член 28 коишто се однесуваат на измени на член 105, а со кои во став (1) се определува висината на износот издвоен од Буџетот на Република Македонија, за секоја година поединечно ќе изнесуваат:
- 2018 година издвојувањето од Буџетот ќе изнесува 0,7%,
- 2019 година издвојувањето од Буџетот ќе изнесува 0,8%,
- 2020 година издвојувањето од Буџетот ќе изнесува 0,9%,
- почнувајќи од 2021 година ќе изнесува 1%.

Процентите од ставот (1) на овој член ќе се реализираат доколку со тоа не се нарушува праведната распределба на буџетските средства и не влијаат врз средствата планирани за сите буџетски расходни ставки.

**Член 47**

Операторите кои реемитуваат програмски сервиси на домашни радиодифузери врз основа на членот 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016 и 132/2017) продолжуваат да ги реемитуваат програмските сервиси на домашните радиодифузери на начин и под услови утврдени во склучените договори, се до денот на примената на правилата утврдени од страна на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно член 36 од овој закон со којшто се врши измена на член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014, 132/2014, 142/2016 и 132/2017).

**Член 48**

**Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.**